**2404.**

Врз основа на член 190 и член 89 став 5 од Законот за хартии од вредност („Сл.весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 12.5.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА БЕРЗА**

Член1

Во Правилникот за начинот и постапката за давање согласност за именување на директор на берза („Сл. весник на РМ“ бр. 110/2006), во членот 2 став 1 по зборот „писмена“ се додаваат зборовите: „или електронска“.

Член 2

Во членот 2 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Барањето може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат“.

Член 3

Во членот 4 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

(2) „Изјавите од став 1 точка 7 и 8 на овој член може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесат во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат“.

(3) „Изјавите од став 1 точка 7 и 8 на овој член не се заверуваат кај нотар ако се поднесуваат во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат“.

Член 4

Во Прилог 1, Образец Б-СДБ во точка 6 по зборот „потпис“ се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 5

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката за давање согласност за именување на директор на берза.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-169/4
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

**2405.**

Врз основа на член 190 и член 106 став 3 од Законот за хартии од вредност („Сл.весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 12.5.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕРСКА КУЌА**

Член 1

Во Правилникот за дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа („Сл.весник на РМ“ бр. 6/2007), во член 3 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Барањето може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесат во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат“.

Член 2

Во член 5 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

(3) „Изјавата од став 2 на овој член може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесе во електронска форма потпишана со квалификуван дигитален сертификат“.

(4) „Изјавата од став 2 на овој член не се заверува кај нотар ако се поднесува во електронска форма потпишана со квалификуван дигитален сертификат“.

Член 3

Во член 6 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

(3) „Документот од став 1 точка 1 на овој член може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесе во електронска форма потпишан со квалификуван дигитален сертификат“.

Постојниот став 3 станува став 4.

По ставот 3 кој станува став 4 се додаваат два нови става 5 и 6 кои гласат:

(5) „Изјавата од став 4 на овој член може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесе во електронска форма потпишан со квалификуван дигитален сертификат“.

(6) „Изјавата од став 4 на овој член не се заверува кај нотар ако се поднесува во електронска форма потпишана со квалификуван дигитален сертификат“.